...овоаци ќе се ...



Tweet 8+1 Ми се допаѓа 0

# „Ајде да летаме со магичното килимче“ - изложба од Ана Ивановска во Прилеп

Среда, 18 Јуни 2014 Дарко Штаргоски



Во петок, 20 јуни во 20 часот во галеријата од ЦК „Марко Цепенков" во Прилеп ќе биде отворена изложбата „Ајде да летаме со магичното килимче" од Ана Ивановска, која за првпат се претставува со инсталација од сунгер пред прилепската публика.

> ***„Визуелниот дел на овој проект со наслов ,,Ајде да летаме со магичното килимче", претставува колоритна инсталација со форма на килим изработена од сунѓерчиња во различни форми и бои, која поставена на подот во галеријата овозможува блиска и непосредна интеракција со набљудувачот. Самата геометриската шема на килимот содржи градација на впишан круг во квадрат кое има симболично значење. Кругот како симбол претставува потполност, единство и совршенство а квадратот како спротивност на динамичноста на кругот симболизира постојаност, сигурност, рамнотежа, пропорционалност и морални устреми. Самиот наслов на делото директно укажува на добропознатиот „магичен килим" на Аладин од арапските бајки ,,1001 ноќ". Магијата на килимот произлегува од способноста да лета носејќи го Аладин каде ќе посака. Па и ова дело повикува на ослободување на мислата и фантазијата кон едно поинакво доживување на светот, кон метафизичката страна", вели Ана Иваноска, автор на изложбата.***

Иваноска потенцира дека изложбата овозможува да го задржиме детскиот дух во себе и да „летнеме" во светот на фантазијата и бајките каде сè е возможно штом ќе се зачекори на магичното килимче.



Не е дозволено преземање на оваа содржина или на делови од неа, што се однесува на текст, фотографија и видео, без дозвола од редакцијата на ПАТОКАЗ.